Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002), а во врска со член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода („Сл. Гласник на Град Скопје" бр.13/02 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.13/06 и бр.15/14 ), и Програма (ЛО) - спорт и рекреација, Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и третата пленарна седница одржана на 28 март 2019 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите и критериумите за доделување награди за талентирани ученици – спортисти од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за доделување награди за спортски таленти од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода, формирање и надлежност на Комисијата за спроведување на постапката (во натамошниот текст : Комисијата).

### Член 2

Доделување награди за талентирани спортисти од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода се врши согласно член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на Р.М., бр. 5/2002 ), Програмата (ЛО) спорт и рекреација за тековната година објавена во службеното гласило на општината и одредбите од овој Правилник..

### Член 3

Висината на средствата за доделување награди од членот 2 на овој Правилник се предвидува во Буџетот на општината во Програмата (ЛО) спорт и рекреација, за секоја година посебно, а кои се објавуваат во службеното гласило на општината. Годишно ќе се наградуваат не повеќе од 100 талентирани ученици-спортисти.

Висината на еднократната парична награда ќе ја одреди Комисијата согласно предвидените средства во Програмата (ЛО) спорт и рекреација за тековната година.

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

### Член 4

1. Кандидатите треба да ги исполнат следните услови и критериуми за да бидат предложени за доделување парична награда.

Се вреднуваат постигнатите резултати на сите кандидати во поединечна и екипна конкуренција, на училишно, клупско и репрезентативно ниво во поединечна и екипна конкуренција во олимписките спортови, согласно класификацијата на Агенцијата за млади и спорт.

- Државно првенство во поединечна конкуренција и државно првенство во екипна конкуренција (членови на екипи), организирано од соодветната спортска федерација, која притоа има валидно решение за вршење дејност спорт издадена од Агенцијата за млади и спорт. Се вреднуваат прво, второ и трето место.

-Државно првенство во екипна конкуренција, организирано од Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Се вреднуваат прво, второ и трето место.

-Меѓународни поединечни и екипни натпревари.
Во оваа категорија се вреднуваат резултатите на кандидатите кои како државни репрезентативци (во индивидуална или екипна конкуренција) имаат освоено едно од првите три места на следните натпреварувања:
Светско првенство, Европско првенство, Медитеранско првенство и Балканско првенство. Кандидатите ќе добијат по 20.000 денари.
Поради, вршење на бодовна евалуација, кандидатите задолжително да ги достават, дипломите и признанијата за освоени места или учество на официјални државни, меѓународни и регионални натпревари, како и дипломите и признанијата за освоено место или учество на пријателски натпревари во сите категории.
- Државно првенство (поединечно и екипно):
1.место 100 бода
2.место 90 бода
3.место 80 бода
- Регионално првенство (поединечно и екипно):
1.место 70 бода
2.место 60 бода
3.место 50 бода
-Градско првенство (поединечно и екипно):
1.место 40 бода
2.место 30 бода
3.место 20 бода
- Домашни и меѓународни турнири (поединечно и екипно):
1.место 10 бода
2.место 5 бода
3.место 3 бода
Во предвид се земаат најдобрите резултати, со приоритет на повисокиот ранг на натпреварување.

2.Се вреднуваат постигнатите резултати на сите кандидати во поединечна и екипна конкуренција, на училишно, клупско и репрезентативно ниво во поединечна и екипна конкуренција во неолимписките спортови, согласно класификацијата на Агенцијата за млади и спорт. Од неолимписките спортови, наградени можат да бидат најмногу до пет кандидати во поединечна/екипна конкуренција, согласно пропишаните критериуми.

- Државно првенство во поединечна конкуренција и државно првенство во екипна конкуренција (членови на екипи), организирано од соодветната спортска федерација, која притоа има валидно решение за вршење дејност спорт издадена од Агенцијата за млади и спорт. Се вреднуваат прво, второ и трето место.

-Меѓународни поединечни и екипни натпревари. Во оваа категорија се вреднуваат резултатите на кандидатите кои како државни репрезентативци (во индивидуална или екипна конкуренција) имаат освоено едно од првите три места на следните натпреварувања:
Светско првенство, Европско првенство, Медитеранско првенство и Балканско првенство. Кандидатите ќе добијат по 10.000 денари.

Поради, вршење на бодовна евалуација, кандидатите задолжително да ги достават, дипломите и признанијата за освоени места или учество во официјални државни, меѓународни и регионални натпревари, како и дипломите и признанијата за освоено место или учество на пријателски натпревари во сите категории.
-Државно првенство (поединечно и екипно):
1.место 60 бода
2.место 50 бода
3.место 40 бода
-Регионално првенство (поединечно и екипно):
1.место 30 бода
2.место 20 бода
3.место 10 бода
-Градско првенство (поединечно и екипно):
1.место 10 бода
2.место 8 бода
3.место 6 бода
- Домашни и меѓународни турнири (поединечно и екипно):
1.место 5 бода
2.Место 4 бода
3.Место 3 бода

3.Се вреднува учеството или остварен резултат на ученици - спортисти со посебни образовни потреби во редовниот систем на натпревари во олимписки и неолимписки спортови.

1.Еден кандидат не може да биде награден повеќекратно, а во предвид ќе се земе највисокиот постигнат резултат. Во случај на кандидати со ист број на бодови, приоритет се дава на кандидатите од повисоката возрасна категорија.

Кандидатите задолжително треба да ја достават следната документација:
1. Да е редовен ученик во воспитно – образовна установа на територија на општина Кисела Вода верифицирана со акт од Министерството за образование и наука
2. Одлука и мислење од класен раководител
3. Одлука и мислење од ментор (тренер на клубот)

4. Мислење од Наставнички совет
5. Фотокопија од дипломи за освоено место
6. Копија од трансакциска сметка на родител/старател
7. Копија од лична карта на родител/старател
8. Изјава за користење на лични податоци потпишана од родител/старател
9.Мислење од психолог/дефектолог за учениците со посебни образовни потреби за кои се изработува ИОП (Индивидуален образовен план).

III. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ ЗА СПОРТСКИ ТАЛЕНТИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Член 5

1. Постапката за доделување награди за спортски таленти од општинските основни училишта од општина Кисела Вода ја спроведува Комисијата која со решение ја именува Градоначалникот на општина Кисела Вода. Комисијата е составена од 19 члена од кои 5 (пет) члена од Советот на Општина Кисела Вода, 6 (шест) члена од редот на општинската администрација, и 8 (осум) директори од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода.

2. Комисијата работи согласно насоките дадени во Правилникот за условите и критериумите за доделување награди за талентирани ученици - спортски од општинските основни училишта на Општина Кисела Вода и е задолжена да врши стручна техничка обработка на податоците од апликациите.

3. Комисијата е надлежна да објави јавен оглас за избор на спортски таленти од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода, кој се објавува на општинската веб страна и на огласните табли на основните училишта и трае 5 дена. Комисијата ја разгледува пристигнатата документација на кандидатите ученици кои постигнале резултати во тековната учебна година, согласно дадените услови и критериуми.

4. Кандидатот при аплицирањето треба да достави барање, кон кое ги доставува и следните документи: потврда за редовен ученик, фотокопија од диплома за освоено прво, второ или трето место на соодветни натпревари од областа на спортот предвидени во овој Правилник, мислење од класен раководител, мислење од наставник ментор (тренер на клубот), мислење од Наставнички совет, копија од трансакциона сметка на родител, копија од лична карта на родител, изјава за користење на лични податоци потпишана со цело име и презиме од родител – старател на ученикот. Подносител на апликацијата за државно првенство во екипна конкуренција, организирано од Федерацијата на училишен спорт на Македонија е наставникот – ментор (тренерот на екипата).

5. Комисијата е должна во рок од пет дена од добивањето на предложените кандидати да направи избор и рангирање на сите пријавени кандидати, кои ги исполнуваат условите и за истото да подготви Записник, кој заедно со предлог Одлука го доставува до Градоначалник, кој носи Решение за наградување на талентирани ученици-спортисти од општинските основни училишта од Општина Кисела Вода

6. Незадоволните апликанти од финалниот избор и постапката по јавниот оглас имаат право на приговор во рок од 3 (три) дена сметано од денот на објавување на наградените на веб страната на Општина Кисела Вода. Приговорот се поднесува преку комисијата до градоначалникот на општината. Решението на градоначалникот по приговорот е конечно.

Член 6

Комисијата работи на состаноци што ги свикува и со кои раководи претседателот на Комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на состаноците на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-2588/5
28 март 2019 година
С к о п ј е

ДН/РД

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Совет на Општина Кисела Вода
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА